# Реформа на правосудниот систем и родот

СОДРЖИНА

Зошто родот е важен за реформата на правосудниот систем?

Како може родот да се вклучи во реформата на правосудниот систем?

Постконфликтни предизвици и можности

Прашања за реформата на правосудниот систем

Повеќе информации

Овој документ беше првично објавен во 2008 година како “Toolkit on Gender and Security Sector Reform” од страна на Канцеларијата за демократски институции и човекови права на ОБСЕ (ОДИХР), Центарот за демократска контрола врз оружените сили од Женева (DCAF) и Меѓународниот институт за истражување и обука за унапредување на жените на Обединетите нации (УН-ИНСТРАВ).

Постои висока свест дека реформата на безбедносниот сектор (РБС) треба да одговори на различните безбедносни потреби на мажите, жените, момчињата и девојчињата. Вклучувањето на родовите прашања исто така е клучно за ефикасноста и одговорноста на безбедносниот сектор и за домашната сопственост врз реформите и легитимноста на процесите на РБС.

Оваа практична белешка дава кус вовед во придобивките од вклучувањето на родовите прашања во реформата на правосудниот систем, како и практични информации како да се стори тоа.

Оваа практична белешка е заснована на подолга Алатка, и обете се дел од **Збирката алатки за родот и РБС**. Осмислена со цел да пружи вовед во родовите прашања за практичарите и креаторите на политики во РБС, Збирката опфаќа 12 Алатки со соодветни Практични белешки – види во Повеќе информации.

## Зошто родот е важен за реформата на правосудниот систем?

**Реформата на правосудниот систем** подразбира не само реформа на законите туку и развој на протоколи, процедури и механизми кои овозможуваат практична примена на законите и еднаков пристап до правосудниот систем. Целите на реформата на правосудниот систем опфаќаат развој на: устав и закони засновани на меѓународните стандарди и инструменти за човековите права; ефикасно, непристрасно и одговорно судство; интегриран пристап до кривичната правда; и механизми за надзор на правосудниот систем[1].

**Родот** се однесува на улогите и односите, личните карактеристики, ставови, однесувања и вредности кои општеството им ги припишува на мажите и на жените. Оттаму поимот „род“ се однесува на научените разлики меѓу мажите и жените, додека поимот „пол“ се однесува на биолошките разлики меѓу мажите и жените. Родовите улоги во и меѓу културите се многу различни и можат да се сменат со текот на времето. Зборот род не се однесува само на жените или мажите туку и на односот меѓу нив.

### Реформа на дискриминаторските закони и промовирање на човековите права

- Многу земји имаат закони кои се отворено дискриминаторски во поглед на сопственоста врз земјиштето, наследството (види Пример 1), родовото насилство (РН), старателство над децата, вработувањето и други прашања. Дискриминаторските закони и регулативи треба да бидат реформирани во согласност со меѓународните закони за човековите права.

### Ефикасно, недискриминаторско пружање правосудни услуги

- Стереотипите, дискриминаторските ставови и процедуралните препреки не треба да го поткопуваат пружањето превосудни услуги. Сиот судски персонал треба да добие обука за родови прашања, вклучувајќи и соодветен одговор на домашно насилство и дискриминација врз основа на пол или сексуална ориентација.
- Со цел да престане неказнивоста на РН, судството треба да биде обучено за меѓународната и националната легислатива за родови прашања.

### Еднаков пристап до правосудниот систем

- Мажите и жените имаат право на еднаков пристап до правосудниот систем и тоа и преку судовите, преодните правосудни механизми, традиционалните/обичајните системи и преку алтернативните начини за решавање спорови. Сепак, постојат многу пречки за пристапот на жените до правосудството, меѓу кои: недостиг од знаење за законските права, корупција, страв од сведочење, недостиг од средства, јазичка бариера и неможност за грижа за децата.

| Пример 1 | Надминување на дискриминацијата во практиките за наследување во Кенија |
|---|---|

Џејн Ватири поднесе до судот барање да и се додели половина од една парцела земјиште која припаѓала на нејзиниот починат татко и на која таа живееше со нејзините четири деца. Нејзиниот брат се спротистави тврдејќи дека тој обработувал поголем дел од таа земја додека татко му бил жив отколку сестра му и оттаму има право на тој поголем дел.
Вишиот судија Х.А. Омонди утврди дека според обичајното право на Кикуите, немажените жени, како Ватири немаат еднакви права на наследство поради очекувањето таа повторно да се омажи. Вишиот судија Омонди сметаше дека оваа обичајна одредба ги дискриминира жените и е спротивна на Одделот 82 (1) од Уставот на Кенија, со кој се забранува дискриминација врз основа на полот. Таа исто така го прекршуваше член 18 (3) од Банџул повелбата и член 15 (1)-(3) од Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација на жените (ЦЕДАВ), кој обезбедува правна еднаквост меѓу мажите и жените. Следствено, вишиот судија Омонди им додели на Ватири и на нејзиниот брат еднакви делови од имотот на нивниот татко[2].

### Репрезентативен и легитимен правосуден сектор

- За правосудниот систем да добие кредибилитет и доверба во очите на целата заедница, реформскиот процес мора да подразбира учество и да одговори на потребите на сите членови на општеството вклучувајќи ги и жените.
- За да се зголеми легитимитетот, кадарот во правосудниот систем треба да ја отсликува популацијата на која и служи. Моментно, жените се премалку застапени на најголем дел од нивоата во судскиот систем, вклучувајќи ги и судиите и адвокатите.

**Почитување на обврските од меѓународните закони и инструменти**

Преземањето иницијатива за вклучување на родовите прашања во реформата на правосудниот систем не е само прашање на оперативна ефикасност; тоа е исто така неопходно заради почитување на меѓународните и регионалните закони, инструменти и норми во врска со безбедноста и родот. Меѓу клучните инструменти спаѓаат:

- *Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација кон жените (ЦЕДАВ, 1979)*
- *Резолуцијата 52/86 на Генералното собрание на Обединетите нации за спречување на криминалот и за мерки за кривичната правда за елиминирање на насилството против жените (1998)*

За повеќе информации, ве молиме погледнете го Прилогот за меѓународните и регионалните закони и инструменти во Збирката алатки.

## Како може родот да се вклучи во реформата на правосудниот систем?

### Родово одговорни законски реформи

- Приклучете се кон и ратификувајте ги меѓународните и регионалните договори и конвенции за човековите права.
- Реформирајте го уставот за тој да гарантира еднакво уживање на човековите права и родова еднаквост и да забранува дискриминација и насилство врз основа на родот.
- Прегледајте ја постоечката национална легислатива и донесете нови закони за да се забрани дискриминација и насилство врз основа на родот.
- Преиспитајте ги традиционалните правни механизми за да се осигурате дека тие ги поддржуваат основните човекови права, вклучувајќи ги и правата на жената.

### Недискриминаторски процедури и практики

- Проверете ги судските процедури и практики за да се осигурате дека тие не вршат дискриминација на жените или на другите групи во општеството.

### Посебни мерки за справување со РН

- Востановете посебни мерки во однос на сексуалното и домашното насилство за да се заштитат сведоците и жртвите и за да се зголеми бројот на случаи кои завршуваат на суд. Посебните мерки може да опфаќаат родово чувствителни улоги на доказите и процедурите кои не се засновуваат на штетни стереотипи и кои ја избргнуваат „ревиктимизацијата“ на преживеаните (види Пример 2).

### Родова обука

- Спроведете обука за правата на жената (врз основа на националните, регионалните и меѓународните закони и обврски), за правни процедури за РН и за „родово“ влијание на судскиот систем со сите актери во секторот на судството, вклучувајќи ги и: судиите, обвинителите, бранителите, приватните адвокати, судскиот кадар, полицијата и лицата кои вршат параправни работи.

### Пристап до правосудството

- Ангажирајте лица кои вршат параправни работи за да ја градите правната писменост кај општата јавност така што тие ќе ги учат луѓето како да пристапат до правосудниот систем, кои се нивните законски права и како да ги искористат правните ресурси кои се на располагање.
- Обезбедете правна помош за маргинилизираните групи, вклучувајќи ги и жените.
- Поддржувајте ги организациите на граѓанското општество (ОГО), вклучувајќи ги и организациите на жените, кои го олеснуваат пристапот до правосудството (види Пример 3).

| Пример 2 | Посебни механизми за жртвите на сексуално насилство во Јужноафриканската држава |
|---|---|

Како одговор на малиот број осуди, Јужноафриканската Република воведе Судови за сексуални прекршоци и Тутузела центри. Судовите за сексуални прекршоци се специјализирани судови за решавање и водење на случаите со сексуална злоупотреба; сиот кадар е посебно обучен за да се справува со сексуални прекршоци. Тутузела, или утеха, се центри придодадени кон овие судови и служат за, на жртвите на силување, да им се пружи помош на едно место. Центарот е екипиран со прект менаџер и пружа полициска услуга, здравствена нега, советување и правна услуга и сето тоа под еден покрив, придонесувајќи за подобрена обработка на случаите на силување. Нивото на пресуди се зголеми за 75-95% и вообичаените случаи денес се решаваат во рок од шест месеци од датумот на пријавувањето. Пред да се востановат овие центри, за решавање на случаите беа потребни просечно 18 месеци до 2 години[3].

### Репрезентативен судски сектор

- Промовирајте ја еднаквата застапеност на жените и мажите во правосудниот систем преку иницијативи за зголемено регрутирање, задржување и напредување на жените. Привремени посебни мерки или афирмативни активности, како на пример стипендии за студирање право или квоти, може да бидат потребни за да се забрза напредокот кон паритет (види Пример 4).

### Надзор и набљудување

- Вклучете ги главните чинители од судството, обвинителството, правните асоцијации, полицијата, затворите, граѓанското општество, женските мрежи и НВО во процесите на реформата на правосудниот систем.
- Зајакнете ги родово одговорните механизми за надзор и набљудување и тоа меѓународните, националните и оние од граѓанското општество. На пример, националната женска машинерија или група за борба против родовите предрасуди во судовите може да работи на тоа правосудниот систем да биде одговорен за елиминирање на родовите предрасуди во судовите, дискриминација во судските случаи, или несоодветно водење на случаите на РН.

**Исто така достапно во Алатка 4...**
- „Деветте П на родот и реформата на правосудниот систем“
- Најдобрите практики во правното дефинирање и криминализацијата на силувањето
- Совети за формирање група за борба против родовите предрасуди во судовите
- Добри практики за справување со традиционалните правни механизми
- Совети за вклучување на родот во комисиите за вистина и помирување

## Постконфликтни предизвици и можности

Постконфликтниот период претставува единствена можност за усвојување стратегии за обновување на владеењето на правото и промовирање на родовата еднаквост во правосудниот систем, како и за директното учество на жените во процесите на реформата на правосудниот систем. Мировниот процес и преминот од конфликт се стратешки влезни точки за промовирање одговорност за РН и за дискриминацијата. Традиционалните правосудни механизми, какви што се ad hoc кривичните трибунали, комисиите за вистина и помирување и програмите за репрација, се честопати важни фактори во овој потфат.

**Пример 3 | Зголемен пристап на јавноста и свест во Источен Тимор**

Во Источен Тимор, Фокуперс, невладина организација, обезбедува достапна правна помош за жените - жртви и ја подига свеста кај јавноста за домашното насилство и за законските права на жената. Нејзините информативни брошури се дистрибутираат до давателите на услуги, религиските институции, владините агенции и законодавците[4].

### Предизвици при вклучувањето на родовите прашања

- Судството е честопати дисфункционално, неговата независност е компромитирана, а корупција има во изобилие.
- Многу конфликти вклучуваат масовно сексуално насилство врз жените и девојчињата, а и врз мажите и момчињата, на што треба посебно да се обрне внимание во постконфликтната реформа на правосудниот систем[6]. Зголеменото ниво на сексуално и домашно насилство често продолжува и по конфликтот; правосудни механизми за справување со РН се итен приоритет.
- Полицијата и казнениот систем се дел од проблемот: полицијата бидеќи нема капацитет или волја ефикасно да одговори на случаите на РН, а затворите бидејќи се пренатрупани и во нив има изобилие од злоупотреби.
- Јавноста, особено жените, често нема доверба во правосудниот систем.

### Можности за вклучувањето на родовите прашања

- Може да има повеќе политичка волја кај меѓународната заедница, меѓународните организации и нововостановените влади да вложат во родово одговорни процеси на реформа на правниот систем.
- Мировните процеси можат да создадат влезни точки за директно учество на жените и на другите клучни чинители во процесот на реформа на правосудниот систем, давајќи им можност да ги изразат своите потреби и приоритети.
- Процесите на реформа на правосудниот систем отвораат можност за родова обука и за регрутирање повеќе жени и претставници од другите премалку застапени групи.
- Може да има широка поддршка за востанување преодни правосудни механизми, што дава можност да се опфатат родовите прашања, вклучувајќи ефикасно гонење на РН.

**Пример 4 | Повеќе судијки во Европскиот суд за човекови права**

Европското парламентарно собрание во својата Резолуција 1366 (2004) одлучи дека повеќе нема да ги разгледува листите со кандидати за Европскиот суд за човекови права на кои не се наоѓа барем по еден кандидат од двата пола. Ова правило беше сменето една година подоцна за да дозволи еднополови кандидатски листи, под услов тие да се од премалку застапениот пол во Судот (моментно тоа се жените). Кога беше донесена оваа мерка, имаше 11 судијки и 32 судии: жените претставуваа само 26% од составот на Судот. До април 2007 ситуацијата се подобри, иако сосема малку: имаше 14 судијки и 32 судии, а жените претставуваа 30% од составот на Судот[5].

## Прашања за реформа на правосудниот систем

Еден од најдобрите начини да се идентификуваат влезните точки, предностите и слабостите за вклучување на родовите преспективи во реформата на правосудниот систем е да се спроведе проценка. Подолу се дадени примери за прашања врзани за родот кои можат да ги направат проценката, набљудувањето и оценката покомплетни.

- Кои меѓународни и регионални инструменти се ратификувани?
- Дали уставот и националните закони се во согласност со меѓународните и регионалните обврски за човековите права, вклучувајќи ги и оние кои се однесуваат на родовата еднаквост и РН?
- Дали традиционалните и религиските закони и обичаи вклучуваат дискриминаторски практики?
- Дали се во сила адекватни закони за спречување на дискриминацијата - на пример закони кои забрануваат: дискриминација на жените и мажите со ХИВ/СИДА; дискриминација или отпуштање поради бременост, породилно отсуство или стапување во брак; и сексуално вознемирување на работното место?
- Дали има de facto и/или de jure дискриминација во законите или во начините на кои се спроведуваат?
- Дали жените и мажите, и во руралните и во урбаните средини, имаат целосен и еднаков пристап до правосудниот систем?
- Дали се на сила родово одговорни програми за правна писменост?
- Дали случаите на РН се водат и казнуваат соодветно? Дали се во сила посебни механизми за заштита и поддршка на сведоците и жртвите?
- Дали сиот персонал во правосудството има поминато низ соодветна родова обука?
- Дали жените прекршители имаат еднаков пристап до алтернативите на издржувањето затворска казна?
- Дали буџетот на правосудниот сектор е родово одговорен, на пример дали се предвидени средства за родова обука или за правна помош на жените?
- Дали се во сила политики и процедури за подобрување на еднаквата застапеност на мажите и жените во правосудниот систем?
- Дали ОГО, вклучувајќи ги и женските групи, се целосно вклучени во процесите за реформа на правосудниот систем и во телата за надзор и набљудување?

## Повеќе информации

### Извори


ARC International – ***Gender-Based Violence Legal Aid: A Participatory Toolkit,*** 2005.

ILAC – ***Building Partnerships for Promoting Gender Justice in Post-Conflict Societies,*** 2005.

Molyneux, M., & Razavi, S. – ***Gender Justice, Development and Rights,*** 2003.

Nesiah, V., International Centre for Transitional Justice – ***Gender Justice Series, Truth Commissions and Gender: Principles, Policies and Procedures,*** 2006.

OECD DAC – ***OECD DAC Handbook on Security System Reform – Supporting Security and Justice,*** 2007.

Texas Center for Legal Ethics and Professionalism – ***Guidelines for Gender Neutral Courtroom Procedures,*** 2001.

UNDOC – ***Criminal Justice Assessment Toolkit,*** 2006.

World Bank – ***Gender Justice and Truth Commissions,*** 2006.


### Организации

International Legal Assistance Consortium – www.ilac.se

ICTJ – www.ictj.org

### Збирка алатки за родот и РБС

1. Реформа на безбедносниот сектор и родот
2. Реформа на полицијата и родот
3. Реформа на одбраната и родот
4. Реформа на правосудниот систем и родот
5. Реформа на казнениот систем и родот
6. Гранично управување и родот
7. Парламентарен надзор врз безбедносниот сектор и родот
8. Креирање на политиката за национална безбедност и родот
9. Надзорот на граѓанското општество врз безбедносниот сектор и родот
10. Приватни воени и безбедносни компании и родот
11. Проценка, набљудување и оценка на РБС и родот
12. Родова обука за кадарот во безбедносниот сектор

Прилог за меѓународните и регионалните закони и инструменти

Секоја од овие алатки и практични белешки е достапна преку: www.dcaf.ch, www.un-instraw.org and www.osce.org/odihr.

**Оваа Практична белешка беше подготвена од Надја Ниери од УН-ИНСТРАВ, врз основа на Алатка 4 чија авторка е Шелби Кваст.**

[1] Organisation for Economic Co-operation and Security, OECD DAC Handbook on Security System Reform: Supporting Security and Justice, Draft Edition, (OECD: Paris), 2007, p. 182.

[2] International Association of Women Judges, 'Jurisprudence of Equality Program Decisions.' http://www.iawj.org/jep/jep.asp

[3] Thuthuzela Care Centres, The Country's Anti-rape Strategy Improves Perpetrator Conviction Rates, 8 May 2006. http://www.npa.gov.za/ReadContent407.aspx

[4] In-depth Study on all forms of Violence Against Women, Report of the Secretary-General (6 July 2006), UN document A/61/122/Add.1, para. 299.

[5] Report of the International Symposium on Sexual Violence in Conflict and Beyond, 21-23 June 2006, Brussels, Palais d'Egmont. http://www.unfpa.org/emergencies/symposium06/docs/final_report.pdf

[6] Bastick, M., Grimm, K. & Kunz, R., Sexual Violence in Armed Conflict: Global Overview and Implications for the Security Sector, (DCAF: Geneva), 2007.